Општина Прилеп
Локална самоуправа
Municipality of Prilep
Local government

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024) , Секретарот на Општина Прилеп донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас**

1.По јавниот оглас оглас број 894/2025 објавен на 29.07.2025 во дневните весници Вечер, Слободен печат, Лајм за вработување на административен службеник во Општина Прилеп се избира :

- **Кандидатот со идентификациски код 9AFB08A, Павлина Димоска** за работно место бр.01 од јавниот оглас,**УПР0101Б04000, Раководител на одделение за сметководство и плаќање, Сектор за финансиски прашања.**

2.Именуваната ќе биде вработена на работното место од став 1 на оваа Одлука по конечноста на Одлуката.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 29.07.2025 година во дневните весници Вечер, Слободен печат, Лајм и на интернет страницата на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас бр.894/2025 за вработување на административен службеник во Општина Прилеп. Со решение за ставање во мирување на започнатата постапка за селекција на кандидати за вработување на административни службеници број 10-2016/3 од 14.08.2025 година ставена е во мирување започнатата постапка. Постапката е продолжена со Решение за продолжување на започнатата постапка за селекција на кандидати за вработување на административни службеници број 10-2016/5 од 26.11.2025 година. Со Решение бр.10-2016/7 од 27.11.2025 година, формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас. Комисијата за селекција по јавен оглас спроведе административна селекција за административен службеник Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр.10-2016/8 од 05.12.2025 година.На ден 17.12.2025 година спроведен е испит за административен службеник Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.10-2016/11 од 17.12.2025 година. На ден 18.12.2025 година спроведена е проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-2016/12 од 18.12.2025 година. Од доставениот предлог за вработување на кандидати по јавен оглас 894/2025, бр.10-2016/13 од 18.12.2025 и конечната ранг листа, Секретарот на Општина Прилеп изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Бр. 04-2443/12
23.12 2025 год.
Прилеп

СЕКРЕТАР
на Општина Прилеп
Александар Талимџиоски

Доставено до:
- Избраниот кандидат,Агенција за администрација (2)
-Архива и Одделение за човечки ресурси
Изработил: Маре Наумоска
Одобрил: Александра Кокароска